РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-234/2
29.01.2015 год.
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 06.07.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Viëra / Вредност / Value |
| 03 | 1710 | 1 | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 36. седница одржана на 29.01.2015 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Енергетски менаџмент и одржлив развој", втор циклус двегодишни студии на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа**

1. Се акредитира студиска програма **„Енергетски менаџмент и одржлив развој", втор циклус двегодишни студии на Факултет за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по Енергетски менаџмент и одржлив развој,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки, Општествени науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Енергетика, Индустриско инжнерство и менамџнет, Компјутерска техника и информатика, Животна средина, Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент), научно - истражувачка област: областиод научно - истражувачките полиња.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за современи науки и технологии Тетово, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет на Југоисточна Европа Тетово за организирање втор циклус едногодишна студиска програма „Енергетски менаџмент и одржлив развој“, на 25.12.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на меѓуседница, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 36. седница одржана на 29.01.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски

**СПИСОК НА АКРЕДИТИРАНИ МЕНТОРИ НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

Предлагачот Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование достави информации за потенцијални ментори на магистерски трудови за студиските програми за втор циклус студии.

Од прегледот на доставените информации за потенцијални ментори на магистерски трудови за студиските програми на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009, бр.115/2010, бр.17/2011, бр.51/2011, бр.123/2012, бр.15/2013, бр.24/2013, бр.11/2014, бр.116/2014, бр.130/2014, бр.10/2015 и бр.20/2015) комисијата констатира исполнување на критериумите за следните наставници:

| Ред. број | Наставник | Забелешка<br>Има трудови/ нема доволен број на трудови/ недостасува ...... |
|---|---|---|
| 1. | Вон.проф. д-р Беким Фетаји | |
| 2. | Проф. д-р Наташа Марковска | |

**Напомена:** Согласно член 17 од Законот за изменување и дополнување на законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2013). - еден наставник истовремено може да биде ментор на најмногу 12 кандидати годишно кои изработуваат магистерски трудови.

**Научниот колегиум на вториот циклус на студии на** Факултет за современи науки и технологии Тетово треба да внимава за исполнување на погоре споменатиот законски стандард. Притоа еден наставник може да биде ментор на кандидати од повеке студиски програми, за кои наставникот поседува соодветни квалификации, но вкупниот број на кандидати да биде најмногу до 12 годишно.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски